РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-523/5
19-08-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамощниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на ден 15.08.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-3266/1 од 31.12.2024 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконито доделување на концесија за недвижниот имот во Општина Велес, на правно лице ---------------------------- од Велес, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуват пријавенните наводи.

Предметот со број 12-3266/1 од 31.12.2024 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 31.12.2024 година, до ДКСК доставена е пријава од познат подносител заведена под број 12-3266/1, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконито доделување под концесија на недвижниот имот КП.бр.-----, со ИЛ бр.----- за КО Сујаклари во Општина Велес, на правното лице -------------------------------- од Велес. Во конкретниот случај, станува збор за имот кој во евиденцијата на Агенцијата за катастар на недвижности е запишан со вкупна површина од 84.220 м$^2$ од кои во сопственост на РСМ е 16/21 дел или 64.167 м$^2$, а во делот од 5/21 или 20.052 м$^2$ се води во сопственост на лицето -----------------. Подносителот во пријавата наведува дека без негова согласност и објавување на тендер, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) го издавал под закуп и делот на земјиштето што е во негова сопственост.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел утврдување на фактичката состојба по конкретниот предмет, ДКСК на ден 04.02.2025 година достави барање до подносителот за дополнување на пријавата и барање за доставување на информации и документација до МЗШВ.

На ден 13.02.2025 година, подносителот на пријавата достави копија од Решението со бр.ВПП------------ од 18.05.2010 година од Основниот суд Велес, со кое судот го усвоил предлогот на ---------------------------- (подносител на предлогот за физичка делба на заедничкиот имот), заведено во Имотен лист со бр.------- за КО ------------Велес.

Од страна на МЗШВ на ден 28.04.2025 година, до ДКСК е доставена побараната документција и од увидот во истата утврдена е следната фактичка состојба:

- МЗШВ врз основа на член 21-а став 1 од Законот за земјоделско земјиште, на 11.12.2023 година распишал Јавен Оглас бр.--------- за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање. Предмет на јавениот оглас бил земјоделско земјиште во државна сопственост со површина од 3.387 ха 99ар 92м2 во регион Валандово, Велес, Крива Паланка, Струмица, Свети Николе, Прилеп и Пробиштип.
- -МЗШВ објавил Список на катастарски парцели, кои што биле предмет на јавниот оглас за давање на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост над три хектари за сите региони. Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост, по пат на електронско јавно наддавање, , изготвила Записник за одржаните јавни наддавања со бр.---------- од 08.02.2024 година. Во Записникот за јавно отварање на понудите е наведено дека како најповолен понудувач за давање во закуп за катастарска општина Сојаклари, место викано Рамниште, со ИЛ ---------, за КП -----дел во државна сопственост, бил ДТЗУ ----------------------------------, Велес со почетна цена 384.00 евра и постигната цена 404.00 евра.
- Од Списокот на катастарските парцели за регион Велес кои што биле предмет за давање под закуп согласно Јавниот оглас бр.----- констатирано е дека предмет на закуп било и дел на катастарската парцелата заведена на КП ----запишана на ИЛ ----, целина 68, КО --------------, место викано --------------.
- На 13.02.2024 година склучен е Договор за закуп на земјоделско земјиште со број -------------1 помеѓу РСМ – МЗШВ и ----------------------------, Велес, согласно кој во член 1 од истиот е даден табеларен преглед на предмет на договорот каде е наведена и површината од предметната катастарска парцела во делот на посед во сопственост на државата односно со површина од 64.000 $м^2$ односно на делот 16/21 запишана во ИЛ број 347.
- Преку јавно достапни информации во сајтот на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ, ДКСК изврши увид во Имотен лист бр.---- за КО -------------- Велес и утврди дека 16/21 од парцелата КП ------ е во сопственост на Република Северна Македонија, а 5/21 од истата парцела е во сопственост на лицето -----------------, кој е подносител на пријавата.

- Од Решението на Основниот суд Велес утврдено е дека Судот го усвоил предлогот на ------------------ за физичка делба на заедничкиот имот и дека истото го донел врз основа на правосилно Решение за денационализација ДН.бр.----------------- од 22.09.2003 година, донесено од страна на Министерот за финансии преку Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Општина Велес и врз основа на Имотен лист бр.---- за КО ---------------и и тоа на недвижен имот со површина од 83990 м2 на КП 184, на која што предлагачот е сосопственик на 5/21 идеален дел, а Република Северна Македонија е сосопственик на 16/21 идеален дел.

Врз основа на сето погоре наведено, констатирано е дека парцелата КП ---- заведена во ИЛ ----, за КО ---------------, место викано ------------, Велес, која е предмет на постапка по пријавата поднесена до ДКСК, претставува недвижен имот со регулиран статус согласно со Решение за физичка делба од Основниот суд Велес со бр.------------- од 18.5.2010 година, на кој имот лицето ------------------ е сопственик на 5/21 идеален дел во поврпина од 20.052 $м^2$, а РСМ е сопственик на 16/21 идеален дел во површина од 64.167$м^2$.
Делот 16/21, идеален дел во површина од 64.167$м^2$ , е предмет на давање под закуп со Јавниот оглас бр.--------- од 11.12.2023 година, видно од наведениот договор за закуп на земјоделско земјиште склучен на ден 13.02.2024 година и е сопственост на Република Северна Македонија, додека 5/21 идеален дел во поврпина од 20.052 $м^{2,}$ , сопственост на ------------------, не е опфатен со наведениот договор.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК утврди дека не се потврдуват наводите од пријавата , поради што ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk